Drita M. Fazlia, PhD[1]
Fisnike Bekteshi Shaqiri, PhD[2]

UDC: 342.721(497.7)
342.7:343.8(497.7)
341.231.14(4)(094.2)

# VEPRIMI I RMV-SË NË PËRPUTHJE ME REZOLUTËN E OKB-SË PËR TRANSFORMIMIN E BOTËS SONË: AGJENDA PËR ZHVILLIM TË QËNDRUESHËM DERI NË VITIN 2030

# ПОСТАПУВАЊЕТО НА РСМ СОГЛАСНО РЕЗОЛУЦИЈА НА ОН ЗА ТРАНСФОРМИРАЊЕ НА НАШИОТ СВЕТ: АГЕНДАТА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ДО 2030 ГОДИНА

# THE ACTION OF RNM IN ACCORDANCE WITH THE UN RESOLUTION FOR THE TRANSFORMATION OF OUR WORLD: THE AGENDA FOR SUSTAINABLE DEVELOPMENT UNTIL 2030

**Abstract**

With the intensive development of the social dimensions and the rapid technological development, the need to prevent the risks posed by the same development in general is becoming more and more pronounced. The most risky part for the humanity is exactly the most necessary for their life, and that is health. The depletion of natural resources and the adverse effects of environmental degradation are in themselves a threat for future generations on many grounds.

In this part, great concern and contribution has made the UN Resolution for the Transformation of our world: The Agenda for Sustai-

[1] Вонреден професор на Правен Факултет – Универзитет во Тетово. Email: drita.fazlia@unite.edu.mk
[2] Доцент на Правен Факултет – Универзитет во Тетово. Email: fisnike.bekteshi@unite.edu.mk

nable Development until 2030. This paper aims to draw a parallel between the commitments of this Resolution and the commitments of the Republic of North Macedonia. With intensive work on the commitments, the state on the one hand provides its citizens with a basic right, which is a healthy environment, and on the other hand reduces the risk of the development environmental crime for the benefit of individuals.

***Keywords:*** *natural resources, environmental crime, environmenttal protection, sustainable development agenda, etc.*

## 1. Вовед

Карактеристично за вториот дел од XX век се два спротивна развоја. Од една страна имаме голем развој на повеќе општествени сфери како технички, економски, финансиски, социјални, технолошки итн., а од друга страна од овие развоји произлезени се и голем број на негативни ефекти врз животната околина и животниот стандард. Така што на национално и глобално ниво и остана голема задача за да прават равнотежа помеѓу овие два развоја и исто така да креира институционална и законска заштита на екологијата од можниот еколошки криминалитет.

Историски е познато дека овој вид на криминалитет е причината за исчезнување на цивилизации со образложение дека „ги исекле гранка на кои биле седнати“.[3]

Еколошкиот криминалитет е посебен вид на криминалитет кој се повеќе е дел од модерните општествени околности, кој за жал и не се гледа како многу сериозен вид на криминалитет. Овој посебен вид на криминалитет резултира со загадување на водата, воздухот, и земјата на високо ниво или на една проширена зона, која е закана за животот и здравјето на човекот или уништува флора и фауна и другите општи добра во голема мера. Еколошкиот криминалитет претставува модерен вид на криминалитет кој интензивно се развива се повеќе и повеќе и ги зазема карактеристики на форма на криминалитет кои ги уценува основните вредности на човекот. Тоа што е најважно кои се состои на претпоставки дека организиран еколошки криминалитет, а како еден субстрат на штетните ефекти на општиот екосистем, е дел на општиот

[3] Joseph Tainter, The Collapse of Complex Civilizations, Cambridge, Cambridge University Press, 1988, 1.

криминалитет. Тој претставува збир на криминални дејствија кои претендираат да ги прекршат законските норми и меѓународните и националните договори, кои се стремат кон зачувување на околината во светот, биолошкиот диверзитет на растителни и животинските видови или природните извори.[4]

## 2. Резолуција на ОН за Трансформирање на нашиот свет: Агендата за одржлив развој до 2030 година

На седумнаесеттата сесија на Генералното Собрание на Обедините Нации, одржана на 25 септември 2015 година е усвоена Резолуција **A/RES/70/1** за Трансформирање на нашиот свет: Агендата за одржлив развој до 2030 година.

Оваа Агенда е план за акција за луѓето, планетата и просперитетот. Таа, исто така, се обидува да го зајакне универзалниот мир во поголемата слобода. Согласно Резолуцијата се признаваме дека искоренувањето на сиромаштијата во сите нејзини форми и димензии, вклучувајќи ја и екстремната сиромаштија, е најголемиот глобален предизвик и незаменлив услов за одржлив развој.

Сите земји и сите учесници, кои дејствуваат во соработка партнерство, ќе го спроведат овој план. Држави потписнички се решени да ја ослободат човечката раса од тиранијата на сиромаштијата и да ја излечат и обезбедат нашата планета. Тие се решени да ги преземат смелите и трансформативни чекори кои итно се потребни за да го префрлат светот на одржлив и издржлив пат.[5]

Државите потписнички на Резолуцијата ги имаат потврдено сите принципи на Декларацијата од Рио за животната средина и развојот, вклучувајќи го, меѓу другото, принципот на заеднички, но различни одговорности, како што е наведено во принцип 7, каде е потенцирано дека државите ќе соработуваат во дух на глобално партнерство за зачувување, заштита и враќање на здравје и интегритет на екосистемот на Земјата. Со оглед на различните придонеси за глобалните деградацијата на животната средина, државите имаат заеднички, но различни одговорности. Развиените земјите ја признаваат одговорноста што ја носат во меѓународната потрага

[4] Naser Etemi, Kriminalistika ekologjike, Tekstil Ilinden Tetovë, 17.

[5] Resolution adopted by the General Assembly on 25 September 2015 [***(A/70/L.1)***] Transforming our world: the 2030 Agenda for Sustainable Development, 1.

по одржлив развој со оглед на притисоците што нивните општества ги вршат врз глобалната животна средина и на технологија и финансиски ресурси што ги командуваат.[6]

Исцрпувањето на природните ресурси и неповолните влијанија на деградацијата на животната средина, вклучувајќи опустошување, суша, деградација на земјиштето, недостиг на слатки води и губење на биодиверзитетот, ја додаваат и зајакнуваат листата на предизвици со кои се соочува човештвото. Климатските промени се еден од најголемите предизвици во нашето време и неговите непогодни влијанија ја поткопуваат способноста на сите земји да постигнат одржлив развој.

Зголемувањата на глобалната температура, порастот на морското ниво, подигањето на океанот и другите влијанија врз климатските промени сериозно влијаат на крајбрежните области и ниските крајбрежни земји, вклучувајќи многу најмалку развиени земји и мали островски земји во развој. Опстанокот на многу општества, и на биолошките системи за поддршка на планетата, е во ризик.[7]

Исто така, државите потписнички во Резолуцијата признаваат дека Рамковната конвенција на Обединетите Нации за климатските промени е примарен меѓународен, меѓу владин форум за преговори за глобалниот одговор на климатските промени. Тие се решени да ја контролираат заканата предизвикана од климатските промени и деградацијата на животната средина. Глобалната природа на климатските промени повикува на најширока можна меѓународна соработка со цел забрзување на намалувањето на глобалната емисија на стакленички гасови и решавање на адаптацијата на неповолните влијанија од климатските промени.

Со голема загриженост ја имаа забележано значајната празнина помеѓу собниот ефект на ветувањата на страните за олеснување во поглед на глобалните годишни емисии на стакленички гасови до 2020 година и собните патишта на емисија во согласност со тоа што имаат веројатна шанса да го задржат зголемувањето на

---

[6] Principle 7, Rio Declaration on Environment and Development adopted 1992 by United Nations in "Conference on Environment and Development" (UNCED), informally known as the **Earth Summit.**

[7] Resolution adopted by the General Assembly on 25 September 2015 [(*A/70/L.1*)] Transforming our world: the 2030 Agenda for Sustainable Development, 5.

глобалната просечна температура под 2 степени Целзиусови, или 1,5 градуса по Целзиус над пред индустријалното ниво.[8]

Сите земји потписнички се согласни дека секоја земја има примарна одговорност за својот економски и социјален развој. Новата Агенда се занимава со средствата потребни за имплементација на целите, што вклучува и мобилизација на финансиските ресурси, како и градење на капацитети и пренос на еколошки технологија во земјите во развој под поволни услови, вклучувајќи ги и концесионалните и повластувачките услови, како што е меѓусебно договорено. Јавните финансии, како домашните, така и меѓународните, ќе имаат витална улога во обезбедувањето на суштински услуги и јавни добра и во катализирањето на други извори на финансии.

Тие се свесни за улогата на разновидниот приватен сектор, почнувајќи од микропретпријатијата до кооперациите до мултинационалните, и онаа на организациите на граѓанското општество и филантропските организации во спроведувањето на новата Агенда.[9]

Резолуцијата дава препорака до 2030 година, да се намалат неповолните последици по глава на жител врз животната средина на градовите, вклучително и со посебно внимание на квалитетот на воздухот и општинското и другото управување со отпадот.[10]

### 3. Определба на Република Северна Македонија врз основа на Резолуцијата Трансформирање на нашиот свет: Агендата за одржлив развој до 2030 година

За исполнување на овие суштински цели, ќе се спроведат следните чекори:[11]

• До 2024 ниту една државна институција нема да се грее со стари и нееколошки системи за греење. Сите јавни институции се мапирани и ќе се донесат одлуки за најсоодветните решенија: (1) поврзување на централно парно греење, (2) на гас, (3) користење на високоефикасни инвертер клима уреди или (4) топлотни пумпи.

---

[8] Resolution adopted by the General Assembly on 25 September 2015 [(A/70/L.1)] Transforming our world: the 2030 Agenda for Sustainable Development, 8,9.

[9] Resolution adopted by the General Assembly on 25 September 2015 [(A/70/L.1)] Transforming our world: the 2030 Agenda for Sustainable Development, 10.

[10] Resolution adopted by the General Assembly on 25 September 2015 [(A/70/L.1)] Transforming our world: the 2030 Agenda for Sustainable Development, 22.

[11] Заштита на животна средина | Влада на Република Северна Македонија (vlada.mk)

• Воведување на постојана 24/7 контрола на Државниот инспекторат за животна средина и локалните инспекторати, вмрежување на државниот и локалните капацитети и ќе зголемување на нивните ингеренции.

• Заострување на казните во областа на заштита на животната средина поради лошото искуство од неажурност на институциите и бирократско водење на постапките.

• Планско и интензивно зазеленување на државата, а особено најзагадените градови. Согласно планот, ќе направат: поставување на зелени коридори и бариери/ѕидови на критични точки како зелен ѕид ,поголема запуштена површина ќе биде заменета со урбано зеленило и соодветна урбана опрема, обврска за зелени зони околу индустриските капацитети.

• Промена во политиките за јавен транспорт. Изградба на систем Bus Rapid Transport - брз транспорт со трамвај (со кредитна линија од ЕБРД). Воведување на покомплексен систем на субвенции и даночни олеснувања за набавка на „еколошки“ возила (на електричен и хибриден погон), замена на нееколошко гориво со гас кај транспортни средства (особено за транспортери на стоки, такси возила и сл.) и набавка на велосипеди.

• Инвестирање во дополнителни мерни станици низ државата и посебна софтверска апликација која ќе овозможи полесен и потранспарентен приказ на состојбата со ПМ честичките, како по датум, така и по локација, со соодветни прегледи и извештаи.

• Искористување на резултатите од проектот „Поддршка на Македонија во пристапувањето кон ЕУ во областа на животната средина (2019-2021)“ од кој ќе се добие Извештај за состојбата на мониторингот на квалитетот на воздухот во Република Северна Македонија со вклучени препораки за подобрување на системот, инвестиции во нови инструменти за мониторинг на квалитетот на воздухот и/ или поправка на инструменти, зголемен капацитет на експертите за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија за управување со податоците за квалитет на воздухот, надграден систем за управување со податоци и известување.

• Намалување на законски дефинираните гранични вредности на загадувачките супстанции во воздухот (на пониско ниво) и зголемување на стандардите за квалитет на горива во насока на контрола на повеќе параметри.

• Обезбедување н меки кредитни линии за набавка на опрема и нови технологии за намалување на загадувањето на животната средина за малите, средни и големи капацитети.

• Обезбедување на засилена контрола над работата на станиците за технички преглед на возила, заради задолжително контролирање на издувните гасови од возилата што се регистрираат. При регистрирање на возило во сообраќајот кое ги надминува пропишаните мерки, веднаш ќе се активира контрола и одговорност за станицата која истото го одобрила, а возилото времено ќе биде отстрането од сообраќајот.

• Помош за малите и средните претпријатија да се прилагодат на новите еколошки стандарди. Мапирање на малите и средните компании кои користат дел од својот отпад за затоплување на просториите, а со тоа го загадуваат воздухот и повик за учествување за субвенционирање на еко опрема за мали и средни компании.

• Предложување на закон со кој ќе се формира комунална полиција на локално ниво, со која ќе можат досегашните комунални инспектори и Еко патроли заеднички да преземаат мерки за сторителите на штетните активности,

• Вложување 5 милиони евра за енергетска ефикасност на јавните објекти за намалување потрошувачката и загадувањето.

• Во градежништвото, вршење на засилена контрола на градилиштата и почитување и контрола на енергетските и други критериуми при градба и реконструкција на објекти.

• Преку проектот „Зајакнување на капацитетите на централно ниво за намалување на цврсти честички во воздух преку користење на нуклеарни технологии“ од IAEA (Меѓународна агенција за атомска енергија) со 235.990 евра ќе се набави инструмент кој користи нуклеарни технологии за анализа на составот на PCM честичките, набавка на семплери за земање на примероци на воздух, спроведување на мерна кампања и подготовка на национална студија за одредување на главните извори на PCM во поголемите градови на државата.

• Цел е до крајот на 2025 година минимум 60% од тежината на отпадот од пакувањето што е создаден на територијата на Република Северна Македонија да се преработи со операции за преработка или да се употреби за добивање енергија, а до крајот на 2025 година минимум 55%, а максимум 80% од тежината на

отпадот од пакувањето што е создаден и собран на територијата на Република Северна Македонија да се рециклира.

• Ќе се донесе Национален план за превенција на отпад како национална цел и политика за создавање, намалување, повторна употреба и рециклирање на отпадот (2020-2026). Континуирано ќе се спроведат активности за поставување на системи согласно новите 6 закони за посебните текови на отпад, заради унапредување на примарната селекција на посебните текови на отпад (отпадна пластика и хартија, отпадна опрема од домаќинствата, отпадните гуми и масла, искористени возила и отпадот од текстил). Интегрирана регионална инфраструктура за собирање и третман на отпадот, со акцент на одделно собирање, на местото каде се создава отпадот, на материјали кои може да се рециклираат, како и на третман на биоразградливиот отпад. Вкупното намалување за периодот 2020-2026 на биоразградливиот отпад што се отстранува на депониите ќе биде 25%.

• Воведување засилена контрола на увоз и извоз на отпад, собирање, складирање и третман на сите видови на отпад, како и вонредна контрола на сите издадените дозволи за управување со отпад. Повик кај сите невладините организации да се приклучат заради транспарентност и зголемена доверба кај граѓаните.

• Спроведување на зајакна инспекциска контрола на правните лица кои поседуваат дозволи за собирање, транспорт и третман на отпад (особено медицински и останати видови опасен отпад), како и кај создавачите на истиот.

• Итна ремидијација на поголем дел од дивите депонии, како и расчистување и рекултивација на локации со несоодветно отстранет отпад во урбаните и руралните подрачја.

• Спровдување на активностите за интегриран и финансиски одржлив систем за регионално управување со цврст отпад во Источен и Северо-источен регион (ИПА) набавка на возила и опрема за собирање отпад, затворање на депониите и изградба на центар за управување со отпад и шест локални објекти за управување со отпад - претоварни станици. Разгледување на можностите за домашно и ЕУ финансирање, како и можноста за концесија или модел на Јавно приватно партнерство. Продолжување со осовременување на депонијата во с.Русино во

Полошкиот регион со помош на средства обезбедени преку билатерална соработка меѓу Владата и Швајцарија до 2022 година (8 милиони CHF).

- Поддршка на локалните власти во борбата за чиста околина, обезбедување на директна поддршка за набавка на 10.000 канти и контејнери на годишно ниво.
- До 2024, постепено ќе се забрани употребата на пластични кеси во малопродажба.
- до 2024 година ќе се изработи нов просторен план на Република Северна Македонија за наредните 15 години.
- Донесување на Методологија за изработка на просторни планови која ќе одговара на современите предизвици, ќе го штити јавниот интерес и услови и потреби за користење на просторот.
- Зголемување на квалитетот на урбаното живеење. Во урбанизмот, при изработка на новиот Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, ќе предвидат:
    - земјиштето кое е планирано или на кое има изведено парковско или заштитно зеленило или пак простор за рекреација, нема да може да се пренамени во друга намена (домување, комерцијални објекти, јавни објекти или пак објекти за производство...).
    - Одредбата која во актуелниот правилник дозволува „Површина изведена со класа на намена парковско зеленило ... да може да се пренамени во друга класа на намена само со генерален урбанистички план“ ќе се дополни со обврска да се обезбеди претходно планираната површина на друга локација, односно да не се дозволи намалување на планираните површини со намена Д1.
    - Зајакнати одредби за минимален процент на зеленило по жител на ниво на генерален урбанистички план, кој секако треба да е усогласен со Законот за урбано зеленило, но зајакнат во насока да се обезбеди минимален процент на јавно зеленило (парковско, заштитно, рекреативни простори), за разлика од Законот за урбано зеленило во кој во минималниот процент се опфатени и површините кои претставуваат најмалку 20% зеленило на градежните парцели со други класи на намена.
- Иницирање на измена на законот за минерални суровини за да се осигура дека по завршување на експлоатацијата, навистина ќе се реализира санација и рехабилитација на теренот.

• Решавање и на останатите критични жаришта! Ќе се направат санација на индустриско жариште - ревитализација на депонија за индустриски отпад од рудник .

• Постапки на доделување концесии за користење на вода, за вадење на песок, чакал и камен од коритата на реките ќе се доделуваат еднаш годишно, со јавни расправи и учество на засегнатата јавност.

• Воведување на забрана за изградба на нови мали хидроелектрани во заштитени подрачја и национални паркови.

• Ревидирање на институционалната поставеност и поделба на надлежностите заради обезбедување на сеопфатен мониторинг на состојбата и квалитетот на водите.

• Воведување забрана за изградба на нови мали хидроелектрани во заштитени подрачја.

• Поддршка за изградбата на пречистителна станица за Град Скопје (136 милиони евра со вклучени 10 мил евра грант компонента).

• Обезбедување на достоинствена санитација во руралните и средини без пристап до вода за пиење. Обезбедување на суви тоалети во руралните училишта каде овој проблем не е решен и каде што нема пристап до вода. Тоа не е само замена за традиционалните, туку се еколошки, одржливи и безбедни за корисниците и за животната средина.

• Зголемување на процентот на заштитени подрачја преку валоризација на подрачја за заштита и ревалоризација на заштитени подрачја (Шар Планина, Осоговски Планини, Ченгино Кале, Охридско Езеро, Студенчишко Блато, Водно, Кањон Матка и др.). Шар Планина е прогласен како национален парк и да се развива како национален парк. Ќе се продолжи со идентификација на предлог подрачја во рамки на процесот за воспоставување на Европската кохерентна еколошка мрежа Натура 2000.

• Донесување Планови за управување со заштитените подрачја (Шар Планина, Осоговски Планини, Преспанско Езеро, Маркови Кули и др.) и изработување на Студија за валоризација на природните вредности .

• Развивање на национална Стратегија за намалување на ризикот од катастрофи, во согласност со Рамката на Сендаи за намалување на ризикот од катастрофи.

## Conclusion

From the analyzes presented in the paper regarding the manner, purpose and intensity of the depletion of natural resources we can conclude that all this has a negative impact, with major consequences on the rapid degradation of the environment, which is common to all and which should proportionately we all care about. The Republic of North Macedonia is committed to preserving the environment from possible degradation and preventing possible environmental crime, but it should be noted that the implementation of these commitments is directly related to the awareness of the people about the serious importance in order to achieve satisfactory result.

The recommendations according to the needs are very carefull use of the natural resources and every technological development to be followed and implemented in relation to the environmental risks, which will be on load of all citizens.

## Користена литература

- Joseph Tainter, The Collapse of Complex Civilizations, Cambridge, Cambridge University Press, 1988,

- Naser Etemi, Kriminalistika ekologjike, Tekstil Ilinden Tetovë,

- Resolution adopted by the General Assembly on 25 September 2015 [*(A/70/L.1)*] Transforming our world: the 2030 Agenda for Sustainable Development,

- Rio Declaration on Environment and Development adopted 1992 by United Nations in "Conference on Environment and Development" (UNCED), informally known as the **Earth Summit.**

- Заштита на животна средина | Влада на Република Северна Македонија (vlada.mk)